WebEmpower

# ПОКАНА

## Работилница: Пристапен веб-развој – следната клучна вештина за ИКТ професионалци

**Датум:** 24 март 2026
**Време:** 12:00-14:00 часот
**Место:** Амфитеатар на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Скопје
**Јазик:** Англиски

### За работилницата

Дигиталната пристапност сè повеќе се препознава како една од клучните вештини во современиот веб-развој. Низ Европа, организациите сè почесто се обврзани да обезбедат веб-страници и дигитални услуги што се достапни за сите корисници, вклучително и лицата со попреченост и постарите лица.

Во таа насока, проектот WebEmpower ги поканува **програмерите и веб дизајнерите** на интерактивна работилница посветена на развој на достапни дигитални производи.

Оваа работилница е дел од серија од три тематски работилници посветени на различни аспекти на дигиталната пристапност, насочени кон јавниот сектор, ИКТ професионалците и корисниците со попреченост.

### Цели

Целта на работилницата е да ги запознае учесниците со основните принципи на пристапен веб-развој и со практични пристапи за создавање дигитални производи што се употребливи за сите корисници.

Во текот на работилницата учесниците ќе имаат можност да:

- се запознаат со основните принципи на стандардите за веб-пристапност WCAG;
- се информираат за најчестите бариери за пристапност што се појавуваат при веб-развој;
- научат практични пристапи за развој што ја подобруваат употребливоста на веб-страниците за сите корисници;
- ја разберат улогата на девелоперите и веб дизајнерите во создавање инклузивни дигитални средини.

Учесниците ќе добијат и директен увид во реалното корисничко искуство, преку демонстрација на начинот на кој лицата со оштетен вид ги користат веб-страниците со помош на асистивни технологии.

## Предавачи

- **Antun Smerdel** – експерт за дигитална пристапност со оштетен вид од Словенија и долгогодишен аналитичар за пристапност. Како корисник на асистивни технологии (читачи на екран и Брајови дисплеи), тој ќе сподели практични искуства за тоа како дигиталните услуги се доживуваат од перспектива на лица со оштетен вид.
- **Maša Malovrh** – експерт за дигитална пристапност и раководител на секторот за пристапност во организацијата Beletrina (партнер на проектот од Словенија), со повеќе од десет години искуство во евалуација на пристапност, истражување и обуки во рамките на меѓународни проекти.

## Организатор

Работилницата се организира во рамките на проектот WebEmpower, кој го спроведува Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (**ФИНКИ**) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со финансиска поддршка од Центарот за меѓународна соработка и развој (**CMSR**) на Република Словенија и програмата **Slovenia Aid & Partners**, и со официјална поддршка од Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија.

## Регистрација

Ве молиме да го **потврдите вашето учество** со пополнување на следниот формулар за регистрација. Во формуларот можете да наведете доколку имате посебни потреби поврзани со пристапноста.

Учесниците на работилницата се поканети да присуствуваат и на **меѓународната тркалезна маса „Дигитална пристапност и инклузивен дигитален развој во Северна Македонија"**, која ќе се одржи на **25 март 2026 година во 11:00 часот во Големиот амфитеатар на ФИНКИ**, каде ќе бидат презентирани клучни согледувања од работилниците и ќе се отвори поширока дискусија со претставници на институции и меѓународни експерти.

Ве охрабруваме оваа покана да ја проследите и до други лица во вашата институција или организација кои се поврзани со развојот или дизајнот на веб-страниците и веб-апликациите, како и до сите заинтересирани страни за кои учеството на оваа

работилница може да придонесе кон подигнување на свеста и унапредување на дигиталната инклузија.

Со почит,

Тимот на WebEmpower
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
www.webempower.finki.net
webempower@finki.ukim.mk